Уп. бр.08-115

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од УАБ Реналфа Европа (UAB Renalfa Europe), со седиште на ул. Ј. Јасинскио бр.16Б, LTU-03163 Вилнус, Литванија и Европската банка за обнова и развој, со седиште на Улица Бенк бр. 5, Лондон Е14 4BG, Обединетото Кралство, преку адвокат Мартин Иванов од Скопје, на седницата одржана на ден 13.09.2024 година, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека концентрацијата со која УАБ Реналфа Европа (UAB Renalfa Europe), со седиште на ул. Ј. Јасинскио бр.16Б, LTU-03163 Вилнус, Литванија и Европската банка за обнова и развој, со седиште на Улица Бенк бр. 5, Лондон Е14 4BG, Обединетото Кралство стекнуваат директна заедничка контрола над ЕЛДРАЈВ Холдинг ГмбХ (ELDRIVE Holding GmbH), со седиште на Колмаркт 8-10/1. кат, 1010 Виена, Австрија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 09.08.2024 година а дополнето на 12.08.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во

понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на УАБРеналфа Европа (UAB Renalfa Europe), со седиште на ул. Ј. Јасинскио бр.16Б, LTU-03163 Вилнус, Литванија и Европската банка за обнова и развој, со седиште на Улица Бенк бр. 5, Лондон Е14 4BG, Обединетото Кралство, со која УАБ Реналфа Европа Литванија и Европската банка за обнова и развој Обединетото Кралство стекнуваат директна заедничка контрола над ЕЛДРАЈВ Холдинг ГмбХ (ELDRIVE Holding GmbH), со седиште на Колмаркт 8-10/1. кат, 1010 Виена, Австрија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

УАБ Реналфа Европа е член на групацијата на друштва на Реналфа Соларпро Груп ГмбХ, групација за инвестирање во чиста енергија и е-мобилност со седиште во Виена, специјализирана за средства за производство на обновлива енергија. Преку своето претпријатие-ќерка, Реналфа Европа, Реналфа Соларпро Груп ГмбХ го контролира Целното друштво, кое е водечки регионален оператор на точки за полнење во Бугарија, Романија и Литванија.

УАБ Реналфа Европа, самото, не е присутно во Северна Македонија и не генерира промет во Северна Македонија.

Реналфа Соларпро Груп ГмбХ е присутна во Северна Македонија преку поврзани правни лица и генерира промет во Северна Македонија во областа на производство на електрична енергија од обновливи извори и тргување со електрична енергија и тоа:

1. **Реналфа ДООЕЛ Скопје**, со ЕМБС 7633220 со регистрирано седиште на улица Мирослав Крлежа 14-1/9 (5-ти кат), Скопје, чија примарна дејност е развој и обезбедување на услуги за управување со имот поврзани со фотоволтаични проекти.
2. **ОСМ Солар ДООЕЛ Скопје**, со ЕМБС 7509561 со регистрирано седиште на улица Мирослав Крлежа 14-1/9 (5-ти кат), Скопје, со примарна дејност производство на електрична енергија, поточно како друштво за посебна намена за имплементација и работа на проектот "Осломеј" за изградба на фотоволтаична електрана со капацитет од 65.8 MWp.
3. **СПХ-МБ ДООЕЛ Скопје**, со ЕМБС 7403887 со регистрирано седиште на улица Мирослав Крлежа 14-1/9 (5-ти кат), Скопје, со примарна дејност производство на електрична енергија, поточно како друштво за посебна намена за имплементација и работа на проектот "Македонски Брод" за изградба на фотоволтаична електрана со капацитет од 12 MWp.
4. **КЕР-АЗ ДООЕЛ Скопје**, со ЕМБС 7404182 со регистрирано седиште на улица Мирослав Крлежа 14-1/9 (5-ти кат), Скопје, поточно како друштво за посебна

намена за имплементација и работа на соларна електрана со капацитет од 2 MW.

5. **Соларпро Холдинг АД Софија, Бугарија – подружница во Република Македонија**, со ЕМБС 6763014 со регистрирано седиште на улица Мирослав Крлежа 14-1/9 (5-ти кат), Скопје, со примарна дејност на тргување со електрична енергија.
6. **Соларпро Пауер ДООЕЛ Скопје**, со ЕМБС 7333056 со регистрирано седиште на улица Мирослав Крлежа 14-1/9 (5-ти кат), Скопје, ангажирана на услуги поврзани со инженеринг, набавка и градежништво, како и услуги за работа и одржување.
7. **Агрогруп-ВНМ ДОО Скопје**, со ЕМБС 6730876 со регистрирано седиште на улица Мирослав Крлежа 14-1/9 (5-ти кат), Скопје, друштво за посебна намена за работа на соларна фотоволтаична електрана со капацитет од 1.14 MW.
8. **Гринсолар ДООЕЛ Скопје**, со ЕМБС 7029608 со регистрирано седиште на улица Мирослав Крлежа 14-1/9 (5-ти кат), Скопје, ангажирана на управување со проекти за соларни фотоволтаични електрани.
9. **Гринсолар Југ ДОО Скопје**, со ЕМБС 7235089 со регистрирано седиште на улица Димитрие Чуповски 22А, Скопје, друштво за посебна намена за работа на соларна фотоволтаична електрана со капацитет од 650 kW
10. **Гринсолар КВД 7МБ ДООЕЛ Скопје**, со ЕМБС 7631332 со регистрирано седиште на улица Мирослав Крлежа 14-1/9, Скопје, новоформирана компанија која моментално не е во работа и не спроведува никакви деловни активности.
11. **Гринсолар КВД 10 ДООЕЛ Скопје**, со ЕМБС 7631863 со регистрирано седиште на улица Мирослав Крлежа 14-1/9, Скопје, новоформирана компанија која моментално не е во работа и не спроведува никакви деловни активности.
12. **Соларпро ОМ ДООЕЛ Софија, Бугарија – подружница во Скопје, Република Македонија**, со ЕМБС 6883982 со регистрирано седиште на улица Вељко Влаховиќ 22А, Скопје. Компанијата не е активна и не спровела никакви деловни активности во последните четири години.

Европската банка за обнова и развој е мултилатерална развојна банка основана во согласност со меѓународен договор, Договорот за основање на ЕБОР, од 29 мај 1990 година, како што е изменет. Европската банка за обнова и развој не е инкорпорирана според националните закони на која било земја и не е регистриран субјект во Обединетото Кралство или која било друга земја.

Европската банка за обнова и развој се занимава првенствено со банкарски и трезорски дејности. Целта на овие дејности е да се поттикне транзицијата кон економии ориентирани кон отворен пазар и да се промовираат приватни и претприемачки иницијативи во нејзините земји на работење. Со цел да ја исполни својата цел, Европската банка за обнова и развој е овластена од нејзините членки да користи широк опсег на финансиски

инструменти, меѓу кои се и капиталните инвестиции во претпријатијата од приватниот сектор, како што е она што го предвидува предметната концентрација.

Европската банка за обнова и развој, како меѓународна организација, на својата официјална веб-учесницица на www.ebrd.com рутински објавува информации во врска со структурата на управување на ЕБОР, идентитетот на членовите на Одборот на гувернери и Одборот на директори, список на акционери на ЕБОР, информации за филијали и резидентни канцеларии и Годишните извештаи и годишните финансиски извештаи на ЕБОР.

Акционерите на Европската банка за обнова и развој вклучуваат 73 земји-членки, Европската унија и Европската инвестициска банка. Северна Македонија е една од земјите членки на Европската банка за обнова и развој од 21 Април 1993 година.

Основните дејности на ЕЛДРАЈВ Холдинг ГмбХ се состојат од стопанисување со станици за полнење во Бугарија, Романија и Литванија со инсталирани повеќе од 1,500 точки за полнење. Инвестицијата на Европската банка за обнова и развој има намера да развие над 8.000 станици за полнење на ЕВ во земјите на проектот во следните неколку години. ЕЛДРАЈВ Холдинг ГмбХ има тековна мрежа од над 1.500 точки за полнење на ЕВ и се очекува да може да го искористи своето искуство при идентификување нови локации во Бугарија, Романија и Литванија за да изгради ефикасна мрежа за поддршка на зелената мобилност низ овие земји.

ЕЛДРАЈВ Холдинг ГмбХ нема никакви дејности, ниту пак дава услуги на пазарот во Северна Македонија и не остварува никаков промет во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**